ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 7 СЕПТЕМВРИ 2020

**ТОП ВЕСТИ:**

- **Асфалт на Басарица**
- **Делчево одбележа 76 години од ослободувањето**
- **Училиштата подготвени за настава во услови на пандемија**
- **Тетовска фирма ќе го гради градскиот пазар во Делчево**

## Асфалт на Басарица



**Се стави првиот асфалт во населбата Басарица. Се асфалтираа улици во должина од 1 км во населбата.**



Делчево одбележа 76 години од ослободувањето



Училиштата подготвени за настава во услови на пандемија



Тетовска фирма ќе го гради градскиот пазар во Делчево

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Совет на Општина Делчево

# Одржана 44 Седница на Советот на Општина Делчево

Советот на Општина Делчево ја одржа 44 Седница на која советниците ги донесоа одлуките со кои се бара од Владата организирање настава со физичко присуство за учебната 2020/21 година за учениците од СОУ „М.М.Брицо“, ООУ „Св.Климент Охридски“ заедно со подрачните училишта и настава со физичко присуство за учениците од 1 до 5 одделение од подрачните училишта на ООУ „Ванчо Прке“. На Седница, Советот даде согласност за утврденото работно време на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево од 05:00 до 18:00 часот. Исто така, Советот на Општина Делчево даде согласност за формирање групи со помал број деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“, од бројот предвиден во Законот за заштита на децата.



# Асфалт на Басарица

Актуелности



Се асфалтираа улици во должина од 1 км во населбата Басарица со што реализацијата на проектот со кој беше опфатена изградбата на првите улици во населбата е во завршна фаза. Увид во работите направи градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, кој истакна дека реализацијата на проектите продолжува со планираното темпо.

-Ми претставува задоволство што реализираме капитални проекти кои значат подобар квалитет на животот на граѓаните. Населбата Басарица добива нов урбан лик онаков каков што заслужува секоја населба. Сакам да изразам големо задоволство што решивме уште еден голем проблем за жителите од оваа населба кои со децении газеа кал и живееја во прашина, истакна Трајковски.

Во Басарица се изградија 6 улици во должина од 1 км со ширина од 6 м и тротоари со ширина од 1,5 метри за поголема безбедност на пешаците.

– Сакам да потенцирам дека, кога е оваа населба во прашање, изградбата на улиците нема да заврши со овој проект. Имено, ги имаме проектирано сите улици во населбата и во следниот период ќе се прават напори за комплетно заокружување на инфраструктурните проблеми во населбата, рече Трајковски.

Трајковски потсети дека претходно во населбата се изгради атмосферска канализација по должина на улиците кои се во изградба, но и фекална канализација на потегот Басарица-с. Полето во должина од 2 км.

Вредноста на проектот патна инфарструктура и канализација во населабата е околу 25 милиони денари, средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој.

Актуелности

# Асфалт на улица 7 во населбата СРЦ




Се асфалтирашт улицата 7 во населбата СРЦ во Делчево со што за прв пат оваа улица доби асфалт, а населбата доби нов урбан лик. Улицата е со должина од 290 метри и е изградена во рамките на проектот „Подобрување на јавните општинските услуги“. Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, денеска направи увид во градежните работи и изрази задоволство од текот на работите истакнувајќи дека е во завршна фаза големиот инфраструктурен проект „Подобрување на јавните општинските услуги“ преку кој е извршена реаконструкција на улици во градот со должина од 1,3 км, а изградена е комплетно нова улица во населбата СРЦ.

-Преку проектната единица на Министерство за финансии и проектот за подобрување на општинските услуги МСИП финансиран преку Светска Банка, Општина Делчево доби средства за подзаем од 32.252.287 денари за реализација на проектот „Подобрување на јавните општински услуги во Општина Делчево” што подразбира, реконструкцијата на улица „Маршал Тито“ со должина од 743 метри, реконструкција на улицата „Вера Јоциќ“ со должина од 599 метри и изградба на комплетно нова улица во населбата СРЦ улицата бр. 7, рече Трајковски.

Тој додаде дека наскоро се очекува да започне асфалтирањето и на ул „Маршал Тито“, каде се изградени низа објекти по должината на улицата, како потпорни ѕидови, цевкаст пропуст и реконструкција и проширување на плочестиот пропуст, а ќе се асфалтира и ул.„Вера Јоциќ“, каде завршуваат подготвителните работи за асфалтирање.

-Сакам да истакнам дека со реализација на овој проект решаваме големи проблеми на граѓаните, го подобруваме квалитетот на животот и придонесуваме за поголема безбедност во сообраќајот, а исто така, се зголемува капацитетот на протокот на овие улици, но и се намалуваат трошоците за одржување на веќе дотраените коловозни ленти на улиците „Маршал Тито” и „Вера Јоциќ”, додека, пак, улицата бр. 7 во населбата СРЦ доби комплетно нов лик и од земјена улица прерасна во асфалтирана улица со тротоар и комплетен систем за атмосферски води, истакна Трајковски.

Директна корист од реализацијата на овој проект имаат 1130 жители на општина Делчево.

# Тетовска фирма ќе го гради градскиот пазар во Делчево




По спроведена јавна набавка, Општина Делчево склучи Договор за „Изградба на градски зелен пазар-прва фаза “со економскиот оператор **„ПАНЕЛ-М Мехаз“ ДООЕЛ Тетово**.
Вредноста на Договорот изнесува 14.994.968,20 денари без вклучен ДДВ, односно 17.694.062,48 денари со вклучен ДДВ. Средствата се обезбедени преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на Република Северна Македонија во износ од 7.000.000,00 денари и од Буџетот на Општина Делчево износ од 7.994.968,00 денари..
Економскиот оператор „ПАНЕЛ-М Мехаз“ ДООЕЛ Тетово се обврзува да го изврши (изгради) предметот на Договорот во рок од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на потпишување на Договорот за јавна набавка.
Изградбата на градскиот пазар е капитален проект за Делчево кој ќе донесе современи услови и за продавачите и за купувачите, но и овој дел на градот ќе добие современ урбан изглед, а воедно, ова урбанистичко решение ќе овозможи да се создадат атрактивни локации за нови градби.
Во првата фаза на реализација се предвидува изградба на отворен-затворен градски пазар во Делчево со продажен простор за земјоделски и други стоки (покриен со кровна конструкција), простории од затворен тип за продажба и услуга на производи со разна намена, администрација, помошен дел, санитарии. Градскиот пазар е предвидено да се гради на површина на градежна парцела-11. 599 м2 и површина за градење- 6 944 м2, решението на парцелата дава можност за етапно градење со нагласок на прва фаза – отворен и затворен градски пазар со придружни содржини – и ќе опфаќа површина од 2500- 3000 м2 од вкупната површина за градење.

Актуелности

Актуелности

# Повторно санирано тениското игралиште




Со поддршка од фирмата „Алпин-ком“ деновиве е извршена повторна санација на тениското игралиште во Делчево со што тоа ќе биде повторно ставено во функција на љубителите на тенисот како репрезентативен спорт. Соочени со фактот поради вандализмот на кое е подложено игралиштето кое е честа мета на несовесни граѓани, во наредниот период тениското игралиште ќе биде достапно за бесплатно користење на сите љубители на тенисот, секој ден од 15 до 19 h., додека во другиот период од денот, игралиштето ќе биде затворено, за да не се дозволи повторно негово уништување.

Исто така, Општина Делчево деновиве врши санација и на другите детски и спортски игралишта, а во агендата е и осветлување на игралиштето кај делчевската гимназија.

# Настава со физичко присуство само во подрачните училишта во Делчево



Владата го усвои Извештајот за работата на Комисијата за разгледување на поднесените барања од страна на основачот на училиштето за организирање настава со физичко присуство, за период од 18.09.2020 година до 25.09.2020 година. Според Извештајот, согласност за организирање настава со физичко присуство добија подрачните училишта на двете централни основни училишта во Делчево. Имено, во подрачните училишта на ООУ „Ванчо Прке“ во с. Габрово и во с. Ѕвегор ќе се организира настава со физичко присуство. Исто така, настава со физичко присуство ќе се организира и во подрачните училишта на ООУ „Св.Климент Охридски“ во с. Разловци, во с. Работивиште, с. Град, с. Стамер и во с. Вирче.

Наставата во централните основни училишта во Делчево и во СОУ „М.М.Брицо“ ќе се одвива онлајн, додека најмладите ученици од 1 до 3 одделение наставата ќе ја следат со физичко присуство.

Учебната година започнува на 1 октомври.

# Делчевската градинка со строга примена на протоколите

Актуелности




Со почитување на сите протоколи, делчевската градинка „Весели цветови“ во текот на овој месец, почна со згрижување на дечињата. По скоро 6-месечна пауза поради пандемијата со ковид-19, детската градинка повторно ги отвори вратите, но овој пат одговорно лице ги пречекуваше дечињата и им мереше температура, а **приемот на деца по воспитна група** е **со десетминут**на **временска разлика на влез на кој задолжително е растојание од два метри, а детето го спроведува еден родител и секогаш носи заштитна маска.**

Престојот на децата е организиран на начин на кој се избегнува меѓусебен контакт на различни воспитни групи на деца (сместени во одделни простории) во согласност со можностите, а игрите се препорачува да се организираат што е можно повеќе на отворено и во мали групи.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, по повод стартот на работата на градинка во услови на пандемија, истакна дека Општина Делчево ги прави сите активности за безбеден прием, згрижување и едукација на децата.

-Во градинката се врши редовна дезинфекција, а градинката има обезбедено доволно количини на дезинфициенси и маски за лице, а вработените се запознати и ги почитуваат протоколите за работа. Сепак, најважна е личната одговорност на секој поединец, дете, родител, воспитувач, неговател и секој совесно да ја одигра својата улога во процесот, за да обезбедиме безбеден по здравјето прием и згрижување на дечињата. Да бидеме одговорни, да не се кријат информациите и строго да се почитуваат препораките и мерките, рече Трајковски.

Актуелности

# По 3.000 денари за секое прваче




Сите делчевски првачиња кои се запишани во двете основни училишта во Општината ќе добијат по 3000 денари, еднократна поддршка. Средствата се предвидени во општинскиот Буџет и се во рамките на новата мерка на Општина Делчево која значи поддршка на родителите за да го подговат своето дете кое го започнува образовниот процес, но и мотивација на родителите да ги запишуваат своите деца во делчевските училишта.

Постапката за доделување парична помош за прваче се поведува со поднесување писмено барање до Архивата на Општина Делчево, како и потпишана изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош, документи кои можат да се симнат од веб-страницата на Општина Делчево,( delcevo.gov.mk), а други потребни документи се:

- Барање и изјава
- Важечка лична карта на еден од родителите;
- Извод од матичната книга на родените за детето;
- Потврда за запишан ученик во прво одделение заверена од основното училиште;
- Трансакциска сметка на барателот.

Барањето за остварување на правото на парична помош за прваче се поднесува во рок од три месеци од почетокот на школската година.

Во двете основни училишта во Делчево во учебната 2020/21 година се запишани 109 првачиња.

# Делчево одбележа 76 години од ослободувањето




Делчево одбележа76 години од ослободувањето и 29 години од независноста на Република Северна Македонија. Во рамките на одбележувањето пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот кој го чува споменот на паднатите борци во НОВ од делчевскиот крај, свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево предводена од градоначалникот Горан Трајковски, делегација од Советот на Општина Делчево, предводена од претседателот Драган Маневски, претставици од институции, политички партии и здруженија на граѓани.
Одбележувањето на двата значјани историски датуми за Делчево продолжи со Свеченат а седница на Советот на Општина Делчево на која претседателот на Советот, Драган Маневски, кој изрази благодарност до сите кои со својот труд и ангажман дадоа придонес за развојот на Делчево, истакна дека нам ни останува обврската да продолжиме да работиме во интересна сите граѓани и во интерес на севкупниот развој на нашата општина.

На Свечената седница беа презентирани актуелните проекти на Општина Делчево, а градоначалникот Горан Трајковски во своето обраќање се осврна на актуелната здравствена криза и на сите мерки кои Општината ги презема за превенција за ширење од заразата изразувајќи посебна благодарност до донаторите кои помогнаа да се набават заштитни маски кои се делеа по институции и по месните и урбаните заедници, како и дезинфициенси, а посебно ја потенцираше заложбата на Здарвствениот дом „Гоце Делчев“, ТППЕ и ЈКП „Брегалница“ за несебичниот придонес во борбата со ковид -19.

На Свечената седница беше доделена општинската награда „7 Септември“ на д-р Гоце Стојменовски лекар во Итната медицинска служба во Делчево, како и општинското признание за посебен придонес во културата на Зенил Реџепов-Стручни кој годинава одбележува 45 години дејност. Исто така, посебно признание доби и компанијата „Зегин“ за соработка со Општина Делчево и за општествена одговорност во време на пандемија.
На Свечената седница беа доделени и наградите за најубаво уреден двор.
Поради актуелната пандемија традиционалните културни и спортски натпревари се откажани.

Актуелности

Актуелности

# Делчево дел од проектот „Ослободи го умот од корупција“



Со симболично засадување на дрво јавор во градскиот парк во Делчево од страна на градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски и раководител на проектот д-р Нелко Нелковски, отпочна реализацијата на иновативниот проект „Ослободи го умот за корупција“ кој го спроведува Здружението на граѓани Театар „БОЕМИ“. Проектот ќе се спроведува во период од дванаесет месеци со поддршка на Министерството за локална самоуправа, а под покровителство на Претстедателот на државата.

Проектот ќе опфати 30 градови и ќе вклучува околу 70 претставници во секој град - Како алатка ќе се користи ФОРУМ ТЕАТАРОТ како форма на интерактивна претстава,ќе бидат подготвени и документарен филм, истражување, научна студија и социјална мрежа за долгорочно суштинско надминување на корупцијата во нашата земја, а сите учесници ќе станат членови на Националната мрежа за подигнување на свеста за корупција под име „Развој“.

Во Делчево во текот на месецот ноември ќе се формира и Локален совет за развој на општината со усвојување на конкретни програми за работа.

## Делчево-фест и Пијанечко-малешевската свадба со онлајн издание

Актуелности



Поради актуелната пандемија, годинешното, 44 –то издание на Меѓународниот фолклорен фестивал „Делчево- фест“ и традиционалната „Пијанечко-малешевска свадба“ се одржат онлајн. Учесниците на фестивалот од земјава, како и соседна Србија, Бугарија, Молдавија и сл, доставија видеопрезентации кои беа претставени на гледачите, а исто така, презентирана е и пијанечката свадбарска носија, како исвадбарските адети.

– Програмата ја изработивме со многу внимание и труд и е креирана согласно со можностите и ситуацијата во која живееме, со онлајн– настани, но и со неколку настани со публика, организирани по сите предвидени протоколи. Фестивалот ќе биде еден пример, како да се организира културата во овие времиња. Конкретно за овој фестивал, сите учесници испратија по 10-минутен видеоматеријал кои ќе бидат емитувани, а ќе бидат промовирани и свадбарските обичаи, истакнува Зенил Реџепов-Стручни, раководител на КУД „Гоце Делчев“ Делчево.

Онлајн- изданието на фестивалот се одржа на 20 септември, а медиумски покровител е делчевскиот веб-портал „Делчево365“.

Фестивалот се одржува во организација на КУД „Гоце Делчев“, под покровителство на градоначалникот на Општина Делчево и со поддршка на Министерството за култура.

## Обука за угостителите

Во рамки на проектот „Малеш-Пијанец е вашата следна дестинација“ кој го реализира Локалната акциска група Малеш Пијанец, се организира еднодневна обука за даватели на услуги или производи од Делчево, Берово и Пехчево која ќе ја води надворешен експерт од областа. Целта на обуката е учесниците да ги подобрат своите вештини и практики во делот на техники за послужување и нудење услуги/производи, комуникација со гости и сл. Единствен услов за вклучување во обуката е тие да имаат претходно искуство и да ги познаваат своите должности во хотелско угостителски дејности.

# Нови биографии и мемоари во делчевската библиотека

Актуелности



ЈЛБ„Илинден“ во Делчево е побогата со нови наслови кои се од жанрот на биографии и мемоари на  светски познати личности. Меѓу рафтовите на библиотеката сега можат да се најдат „Волшебникот-животот и времето на Никола Тесла“  од   Марк Џ. Сајфер, „Жаклин Бувие Кенеди Оназис – нераскажана приказна“ од Барбара Леминг, „Алберт Ајнштан –животот каков што го гледам“ во издание на Нампрес, „Живот писма и поезија  Микеланцело“, исто така, во издание на Нампрес, потоа биографијата за Шарл Де Гол, Одри Хепберн, Медлин Олбрајт, Достоевски, Бах.

Интересот кај читателите за овој жанр литература бил иницијатор за набавката на новите наслови и, како што истакнува директорката на библиотеката, Биљана Петровска, овој вид литература во иднина ќе биде почесто застапена во набавките.

–Библиотеката располагаше со многу мал број биографии и на барање на нашите читатели набавивме неколку нови, а во иднина ќе се потрудиме , автобиографиите и биографиите во библиотеката, да ги имаме во што поголем број. Од она што досега го имавме како биографија во библиотеката,читателите најмногу ги бараа оние на Киро Глигоров и Борис Трајковски, истакна Петровска.

Од почетокот на годината до крајот на месец август, ЈЛБ„Илинден“ потрошила 232.576 денари за набавка на книги. На полиците на библиотеката ги има скоро сите нови наслови од скоро сите издавачки куќи. Сепак, на барање на читателите, најмногу нови наслови се набавени од „Сакам книги“ и „Матица“. Библиотеката има добра соработка и со другите издавачки куќи: „Култура“„,Три“, „Антолог“, „Арс Ламина“, „Македоника литера“ и други. Инаку, во текот на летниот период читателите најмногу се интересираа за делата на Фицек, Нада Стоилковиќ, Лусинда Рајли, Милјана Павловска, Јелена Бачиќ Алимпиќ, Сара Цио и, стандардно, делата од Стив Бери, Баркли, Ден Браун.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Снежана Трајкова и Даниела Такева**


**Инфо Делчево на web:**
**delcevo.gov.mk**